*ГАЛЕНА КУЦУЛОВСКА*

# АКТИВНОСТА НА УЧИЛИШНАТА МЛАДИНА ПРОТИВ АСИМИЛАТОРСКАТА ПРОСВЕТНА ПОЛИТИКА НА БУГАРСКИОТ ОКУПАТОР ВО МАКЕДОНИЈА

Посебниот и специфичен вид на бугарската окупација на Македонија за време на Втората светска војна беше изразена во настојувањето на владејачките кругови на Бугарија по секоја цена агресијата да ја прикажат како природно приопштување на „своја национална" територија којашто наводно отсекогаш ѝ припаѓала на бугарската држава.

Во обидот за остварување на окупацијата со вакви политички цели и основи бугарската влада го мобилизира целокупниот државен апарат, создавајќи притоа во окупирана Македонија широка мрежа на разновидни културно-просветни институции, фашистички и други организации и друштва коишто во својата содржина на работа имаа исклучиво асимилаторски и денационализаторски цели и задачи. Со оглед на ваквата значајна функција што му беше доверена на окупаторскиот апарат во Македонија, за неговото непречено работење и доследно извршување на наредбите, решенијата и одлуките на надлежните органи од Софија бугарската влада му стави на располагање неограничени материјални средства и утврди методи за дејствување со цел да се оствари не само физичка туку и идејна интеграција на македонскиот со бугарскиот народ.

Основен објект на ваквата однапред смислена перфидна политика на бугарската влада пред се беше младината на Македонија. Бугарската власт настапувајќи со мошне организирана пропагандна дејност, правеше огромни напори младата генерација на Македонија да ја стави под свое национално влијание и да создаде од неа вистински верен приврзаник и пропагатор на големобугарскиот национализам.

Сметајќи ги училиштата како најефикасен и најситурен денационализаторски инструмент за организирано и масовно спроведување во живот на идеолошката агресија врз младината на Македонија, бугарската влада во окупирана Македонија го пре-

несе целокупниот бугарски училиштен систем и уште во почетокот на окупацијата започна со создавање на мошне широка мрежа на основни, средни и други училишта. Така, уште во првата учевна 1941/1942 година во Македонија започнаа со работа над 800 основни училишта, 160 прогимназии (осмолетки), 10 гимназии, 7 неполни гимназии или гимназиски клонови[1] и 7 стручни училишта.[2] Со ваквата училишна мрежа беа опфатени речиси сите населени места во Македонија, во 1943 година во Скопје беше отворен и историско-филолошки факултет,[3] кој требаше да послужи како основа за создавање на универзитетски центар со задача да ја всадува и шири бугарштината меѓу младата интелигенција во Македонија.

За поефикасно и целосно реализирање на поставените задачи на просветните институции во Македонија, Бугарското министерство за просвета пројави особена грижа за изборот на наставен кадар. Определувајќи им мисионерска улога во воспитувањето на младите во голебугарски национален дух, Министерството за просвета испрати во Македонија одбрани и доверливи просветни работници коишто преку училишната наставно-воспитна програма и преку други вонучилишни активности беа задолжени да ѝ помогнат на својата влада во нејзините напори да ги оствари во Македонија асимилаторските и денационализаторските цели.

Со оглед на мошне значајната функција што на училиштата им беше определена во контекстот на целокупното пропагандно дејствување на бугарскиот окупаторски систем во Македонија бугарското Министерство за просвета, овластено од бугарската влада, изготви посебна морално-воспитна наставна училишна програма исклучиво наменета за училиштата во Македонија.[4] Специфичноста на оваа наставна програма се состоеше во тоа што во неа најголем простор им беше даден на часовите за изучавање на бугарскиот литературен јазик како единствен јазик во бугарската држава, на изучувањето на бугарската национална историја и географија во кои историското минато на македонскиот народ е прикажано како составен дел на бугарската историја. Исто така во програмите посебно место им беше дадено на часовите по музичко воспитување, на кои часови учениците исклучиво пееја бугарски војнички маршеви низ кои се искажува силата на бугарската војска во изминатите војни, потоа, се пееја бугарски револуционерни песни во кои силно е изразен големобугарски дух, национализам и шовинизам. Со нивното вклучување во програма кај учениците требаше да се развива бугарско национално чувство. Спомнатите предмети, што беа наречени група наставни предмети по „бугарознаие“, според Министарството за просвета се најпогодни за воспитување на учениците во големобугарски дух и за развивање кај нив чувство на припадност кон бугарската нација. Со оглед на нивната специфична улога што ја има во училишната наставно-воспитна програма, овие предмети беа најмногу застапени во сите училишта од сите степени и преставува основа на целокупната

образовна програма околу која се одвиваше целата образовно-воспитна работа на бугарскиот просветен систем во Македонија.

За воспитување на училишната младина во Македонија во фашистички и реваншистички дух, Министерството за просвета покажа мошне голем интерес во формирањето на бројни масовни младински фашистички и слични организации: „Браник", „Отец Паисиј", „Легионери" и други организации и друштва. За таа цел, Министерството за просвета упатуваше бројни наредби и упатства до училишните просветни власти барајќи од нив максимално да се ангажираат по секоја цена сета училишна младина да ја вклучат во овие фашистички организации и со нивното активно дејствување во овие организации да придонесат во јакнењето на големобугарската и фашистичка идеологија, во изградувањето на „новиот ред" во Европа и да станат верни бранители на „голема и обединета Бугарија".[5]

Просветните власти во Македонија во училиштата формира многу бројни драмски, литературни, рецитаторски, музички и други секции преку кои се обидуваа да всадуваат кај учениците љубов кон бугарската историја, јазик и култура.

Меѓутоа, безобѕирната, однапред смислена и мошне добро организирана политика за асимилација на македонската младина, што бугарската власт се обиде да ја спроведува преку училиштата и другите културно-просветни институции, фашистички и слични организации окупаторот уште во почетокот на окупацијата во Македонија наидува на организиран отпор на училишната младина. Партиското и скоевското членство и сета прогресивна и патриотска младина, сплотени околу авангардата — Комунистичката партија на Југославија, во чија политичка платформа беа изразени вистинските желби и интереси на македонскиот народ — безрезервно го прифати нејзиниот борбен повик и, ползувајќи многубројни легални и илегални форми и методи на револуционерно дејствување, стана во одбрана на својата национална самобитност.

Првото порганизирано противставување на училишната младина против бугарската асимилаторска просветна политика во Македонија беше забележено уште во летото на 1941 година со отворањето на курсеви по бугарски јазик, бугарска национална историја и географија во речиси сите поголеми градови во Македонија, наменети за матурантите. Бојкотот на учениците против организирањето на ваквите курсеви беше силен насекаде, а особито изразен од учениците во скопската и охридската гимназија.[6]

Со отворањето на вратите на училиштата во Македонија во учебната 1941/1942 година отпорот на учениците стануваше поорганизиран, поинтензивен и помасовен. Скоевските организации, како организатори на антибугарското дејствување, развивајќи во училиштата засилена и богата идејно-политичка и револуционерна активност, уште во почетокот на учебната година ја собра околу себе сета училишна патриотска и прогресивна младина и преку штрајкови, демонстрации, бојкоти и други

богати форми на револуционерно дејствување ја мобилизира во борба против асимилаторската просветна политика на бугарската власт во Македонија.

Веќе во првата учебна година во Македонија е забележен бран на училишни штрајкови. Скоевските организации во гимназиите во Скопје, Куманово, Прилеп, Битола, Велес и во други градови во Македонија, спроведувајќи ги директивите на Партијата и СКОЈ, организираа масовни штрајкови[7]. Штрајкачите пред училишните власти го поставија барањето во училиштата да се воведе изучавање на македонскиот јазик, намалување на високите уписни такси, укинување на задолжителното носење на ученичка униформа и ублажување на мошне строгата дисциплина во училиштата и надвор од нив. Учениците-штрајкачи на кумановската гимназија, по повод штрајкот од септември 1941 година, до директорот на гимназијата упатија резолуција, во која беа истакнати спомнатите барања на учениците[8].

Бранот на масовни училишни штрајкови во повеќе градови во Македонија ги вознемири и заплаши училишните власти, кои што, не можејќи по мирен пат да ги вратат учениците во училиштата, побарале помош од полицијата[9]. Бугарската полиција, со своите опробани методи на насилство, успеа да ги растури ученичките штрајкови. Повеќето организатори на штрајковите беа уапсени и измачувани во полициските затвори или пак исклучени од училиштата без право да го продолжат своето образование во било кое училиште во границите на Царството Бугарија. Во велешката гимназија, пак, повеќе денови групи ученици од горните класови неколку дена беа сослушавани во канцеларијата на директорот на гимазијата, во присуство на агенти од бугарската полиција. Испитувањето беше проследено со малтретирање и заплашување на учениците[10].

Суровата постапка на просветните власти и бугарската полиција спрема учесниците во штрајковите предизвика уште поголема отворена огорченост, омраза и протест не само кај учениците и нивните родители туку и кај најголем дел од граѓанството. Во одделни градови ваквите протести беа претворени во масовни демонстрации против бугарската власт. Така, во Велес, по повод исклучувањето и апсењето са група ученици-организатори на штрајкот, група ученици и нивните родители, на кои им се придружија и одделни групи граѓани, на 14 март 1942 година организираа демонстрација пред општинската зграда, барајќи од кметот да интервенира кај околискиот управител исклучените и уапсените ученици да бидат ослободени од секаква одговорност. Оваа масовна демонстрација во Велес, иако беше насилно растурена од полицијата, имаше мошне голем политички одглас во градот.[11]

Штрајковите на учениците во Македонија претставуваа најорганизиран и најмасовен револуционерен протест со кој училишната младина уште во почетокот на окупацијата на Македонија јасно и недвосмислено укажа дека нема да му дозволи на бугарскиот окупатор со својата мошне добро организи-

рана пропагандна машина да ја задуши самобитноста на македонскиот народ, а училиштата да ги претови во расадници на големобугарската националистичка идеологија.

Протестот против бугарската асимилаторска просветна политика во училиштата учениците мошне често го манифестира и преку едночасовни штрајкови и бојкотирање на наставните предмети — изучувањето на бугарскиот литературен јазик, бугарската национална историја и географија, со кои најбезобѕирно се фалсификуваше историското минато на македонскиот народ, неговиот бит и култура.[12] На овие часови учениците постојано покажуваа отворена незаинтересираност, пасивност и недисциплина, со што се оневозможуваше нормалното одвивање на наставата. Исто така, својата национална самобитност учениците отворено ја манифестира и преку употребата на македонскиот јазик во текот на наставата во училиштата, наспроти притисоците и заканите на професорите.[13]

Литературните, драмските, музичките, хорските и други секции во училиштата исто така беа мошне погодна форма преку која скоевците и патриотската училишна младина одвиваше богата револуционерна дејност. Со нивно активно учество во работата на овие секции честопати се успеваше преку нивни лични творби и творби на македонски писатели да ги наметнат македонскиот јазик, македонската култура и уметност.[14] Посебна можност за популаризирање на македонската литература и историја даваа литературните секции, со кои најчесто раководеа скоевските организации во гимназиите.

Вечеринките, игранките, екскурзиите и други културно-просветни и забавни активности на учениците исто така беа погодна форма за револуционерно дејствување. На овие собири беа подготвувани богати драмски, музички, рецитаторски и други програми. И покрај тоа што тие претходно беа цензурирани од просветните и полициските власти, организаторите на овие приредби најчесто успевала да ја изменат однапред утврдената програма и да вметнат драмски текстови, рецитации и песни со изразит македонски национален белег. За одбележување е екскурзијата што учениците од Македонија ја изведоа кон крајот на учебната 1941/1942 година посетувајќи ја престолнината на Бугарија Софија и други градови. Скоевците и напредните младинци, преку програмите што ги организира по градовите каде што престојуваа, преку македонските револуционерни песни и текстови, на најсуптилен начин ја истакнуваа самобитноста на македонскиот народ и неговата вековна борба за слобода.[15]

Скоевците и прогресивната младина, по иницијатива на скоевските организации, беа вклучени и во работата на поголем број читалишта, народни универзитети, културни клубови, спортски и други друштва формирани речиси во сите градови и поголеми населени места во Македонија со асимилаторски и денационализаторски цели.[16] Активното ангажирање на училишната младина во работата на овие пропагандни институции повеќето од нив ги претвори во значајни револуционерни центри

коишто ја популаризираа борбата на македонскиот народ против окупаторот, македонската национална мисла, јазик и култура.

На една ученичка приредба во с. Тополчани — Прилепско, една ученичка, рецитирајќи ја стихозбирката на бугарскиот поет Т. Велков „Чија е македонската земја", со посебна интонација ја претвори содржината на текстот во обвинение против бугарскиот окупатор и неговата асимилаторска политика.[17]

Отпорот против големобугаризмот во средните училишта се изразуваше и со бојкотирање или молчење на учениците при извикување на разни пароли на училишните и вонучилишните свечености и „тржества" по повод одбележувањето на државни и други празници. Често се случуваше на ваквите свечаности учениците да извикуваат пароли коишто ја изразуваа самобитноста на македонскиот народ.[18] Ваквите истапувања на учениците ги вознемирувaa претставниците на бугарската власт и ја нарушаваа свечената атмосфера.

Училишната младина покажа особена непомирливост и активен отпор против насилното запишување на учениците во младинските фашистички организации. Организираното дејствување на напредната училишна младина против формирањето и дејствувањето на овие фашистички организации, а особено против организацијата „Браник", којашто настапи со големи амбиции, придонесе овие организации да не се омасоват и да не развијат некаква поголема пропагандна активност. Во одделни средни училишта отпорот на скоевците и на напредната младина се изразуваше и со физичко пресметнување со припадниците на фашистичката организација „Браник"[19].

Отпорот на учениците против бугарскиот окупатор и неговата асимилаторска политика беше изразен и преку систематско секојдневно уништување на пропагандниот материјал на бугарската окупаторска власт и нејзините културно-просветни институции, фашистички и други слични организации и друштва, оневозможувајќи го нивното растурање во училиштата и меѓу граѓанството. Училишната младина беше мошне активна во умножувањето на прогласи, летоци и други пропагандни партиски материјали и во тие мошне тешки услови на окупацијата брзо и масовно ги растураше во училиштата, по улиците, плоштадите, куќите по селата и градовите.[20] Скоевската организација во штипската гимназија подготвуваше свој илегален весник „Искра" пишуван на рака во повеќе примероци и растуран меѓу скоевците и напредните ученици.[21] Во овој илегален весник беа поместувани прилози, коишто главно се однесуваа на отпорот на училишната младина против бугарската окупаторска власт и нејзината асимилаторска просветна политика.

Револтот против окупаторот средношколците го изразуваа и преку испишување на антиокупаторски пароли по училиштата, улиците и јавните згради. Всушност, училишната младина во секојдневниот организиран отпор против окупаторот постојано

ги зголемуваше формите и содржините на своето револуционерно дејствување.

Училишните власти, заплашени од сè позасилениот револуционерен бран во училиштата, помогнати од полицијата, ги засилуваа репресивните мерки врз учениците. Меѓутоа, притисокот на училишните власти врз учениците колку беше поголем толку повеќе растеше нивниот отпор, така што никаква сила не беше во состојба да го задуши револуционерниот дух на училишната младина. Училишната мрежа, којашто во Велешко со успешните оружени акции на партизанските одреди почна да се дезорганизира уште во 1942 година,[22] со разгорот на Народноослободителната војна во Македонија, во учебната 1943/1944 година речиси целосно се распадна, така што вратите на училиштата во Македонија беа затворени многу порано пред капитулацијата на фашистичка Бугарија.

Можеме да заклучиме дека организираниот масовен отпор на училишната младина на Македонија против бугарската просветна асимилаторска политика во Македонија во текот на 1941--1944 година, изразуван низ многубројни богати револуционерни форми и методи на легално и илегално дејствување, беше вистински одраз на високата национална свест на училишната младина и нејзината цврста решеност да не му дозволи на бугарскиот окупатор да ги оствари однапред планираните асимилаторски и денационализаторски цели во Македонија. Училишната младина на Македонија, со организираното револуционерно антиокупаторско дејствување уште од почетокот на бугарската окупација, јасно и недвосмислено му даде на знаење на окупаторот дека на македонскиот народ и на неговата младина им се туѓи и неприфатливи аспирациите на Царството Бугарија, изразени спрема територијата на Македонија, и дека во никој случај училишната младина на Македонија нема да ѝ дозволи на Бугарија да ја вовлече во нејзините политички комбинации.

Отпорот на училишната младина на Македонија против бугарската асимилаторска просветна политика, како дел од нејзиното севкупно револуционерно дејствување против бугарскиот окупатор и неговата одродувачка политика, одигра мошне значајна улога во оружената борба на македонскиот народ против окупаторот, во која здружен со другите поробени народи и народности на Југославија, под единственото раководство на Комунистичката партија, извојува национална и социјална слобода и своја државност во рамките на демократска федеративна социјалистичка Југославија.

## ЗАБЕЛЕШКИ

[1] *Др Растислав Терзиоски* „Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија", Скопје 1974, стр. 29.

[2] Во учебната 1942/1943 година се зголеми бројот на средните стручни училиште и беа формирани нижи стручни училишта во повеќе градови и помали населени места во Македонија.

[3] В. Целокупна България", г. III, № 768, 1943, стр. 1.
[4] Исто, г. I, № 58, 1941, стр. 1.
[5] Цитираниот труд на д-р Растислав Терзиоски, стр. 238.
[6] Усмен исказ на Благоја Ивановски-Жура, еден од учесниците на организираниот протест.
[7] Прогласот на Покраинскиот комитет на СКОЈ за Македонија од април 1942. година — Документи за младинското движење во Македонија 1941—1945, Скопје 1961, док. бр. 4, стр. 33.
[8] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, Скопје 1981, док. бр. 164, стр. 305—307.
[9] *Никола Кирков — Јордан Леов*, „Велес во НОБ", Скопје 1952, стр. 21; *Митре Инадески* „Хронологија на Скопје 1939—1945", Скопје 1974, стр. 67.
[10] Цитираниот труд на Н. Кирков — Ј. Леов стр. 20.
[11] Извештај од околискиот полициски началник на Велес П. Добрев од 18 март 1942 година до обласниот полициски началник во Скопје — Архив на Македонија, фонд Околиско полициско управление — Велес.
[12] Цитираниот труд на Н. Кирков — Ј. Леов, стр. 20.
[13] *Ѓорги Димовски:* „Гимназијата во Битола во периодот на окупацијата од 1941 година", Битола 1965, стр. 85—86; Цитираниот труд на д-р Растислав Терзиоски, стр. 242.
[14] Опширно — *Галена Куцуловска:* „Осврт кон културата и просветата во Народноослободителната војна на Македонија 1941—1944 година" —Зборник „Развојот и карактеристките на Народноослободителната војна и на Револуцијата на Македонија", Скопје 1973, стр. 461—462.
[15] *Панче Кондев.* „Реконструкција на партиската организација на Скопје (стенографски белешки), стр. 385.
[16] *Благоја Попов:* „Реконструкција на партиската организација на Кочани", стр. 20; *Ангел Чемерски:* „Реконструкција на партиската организација на Кавадарци, стр. 49; *Владо Кјатов:* „Гевгелија и Гевгелиско од балканските војни до ослободувањето 1912—1944", Скопје 1969, стр. 223; *М. Пандевски — Г. Сроев:* „Струмица и Струмичко низ историјата" Струмица 1969. стр. 479—480.
[17] Цитираниот труд на д-р Растислав Терзиоски, стр. 244.
[18] Цитираниот труд на Г. Димовски, стр. 87.
[19] Цитираната Хронологија на Скопје, стр. 68.
[20] Цитираниот труд на Ѓ. Димовски, стр. 79.
[21] Ацо Шопов: „Реконструкција на партиската организација на Штип", стр. 241.
[22] Изложение на учителите од Велешка околија од 25 октомври 1942 година испратено до Министерството за просвета, до обласниот училишен инспекор и до претседателот на Просвениот сојуз на Бугарија, со кое известуваат дека, поради честите оружени напади на партизанските одреди по селата во Велешко, не се во состојба да ја одвиваат наставата и бараат нивно повлекување од овие села. Историски архив Т. Велес, Ф. Околиски училиштен инспектор.

*GALENA KUCULOVSKA*

## THE ACTIVITY OF SCHOOL CHILDREN AGAINST THE ASSIMILATORY EDUCATION POLICY OF BULGARIAN OCCUPYING FORCES IN MACEDONIA

A specific aspect of the Bulgarian occupation of Macedonia during the Second World War was manifested in the fact that Bulgaria imposed its sovereignty on Macedonia as its own territory.

In order to carry out the political aims of its occupation the Bulgarian government brought into Macedonia an entire government machinery which was mobilised to create a broad network of propaganda instituions which were, by way of various methods, to develop in the Macedonian people a sense of belonging to the Bulgarian nation.

The main target of this perfidious policy of the ruling Bulgarian circles were school children, which were to be trained, by schools and other educational institutions, to become faithful followers of their policies.

From the beginning of the occupation, however, the Bulgarian government in Macedonia encountered organised resistance. School youths of Macedonia, educated in the spirit of revolution, responded to the call of the Communist Party, and by way of strikes, demonstrations and other legal and illegal forms of resistance, faught to preserve their national identity. The many forms of the resistance of school youth during the period 1941 to 1944--as part of the overall activity of the youth of Macedonia — represent an important contribution to the struggle of the Macedonian people aginst the occupying forces and for their national and social freedom.